**КАМ ДОО** е најголем синџир на маркети во Македонија кој ги применува основните принципи на хард-дисконт: Висок квалитет и постојано ниски цени. Присутни сме во три земји во регионот со повеќе од 120 продавници, а за успехот на компанијата се заслужни над 1.300 вработени, кои посветено и професионално ја извршуваат својата работа.

Заради проширување на тимот во **НОВИОТ ЛОГИСТИЧКИ ЦЕНТАР ВО ИЛИНДЕН**, бараме личност која ќе му се придружи на нашиот тим на работната позиција:

# СУПЕРВИЗОР ВО СЕКТОР ЛОГИСТИКА- ЛЦ ИЛИНДЕН

## Ваши задачи:

- Одговорен за целокупното функционирање на работните процеси во магацинот и на магацинските работници
- Предлага процедури и правилници за најефикасно и најекономично работење
- Ги следи и контролира тековните залихи и известува за разликите и отстапките што се јавуваат
- Организира влез, сместување и излез на планираните количини стока со минимални трошоци, простор и работна сила
- Предлага упатства за условите под кои се сместува и одржува стоката, опремата и инвентарот
- Организира соодветно декларирање на пристигнатата стока и врши контола на изршеното декларирање
- Се грижи за роковите и условите на чување на стоката, води грижа за правилото FIFO
- Се грижи за распределба на создадениот рефус на дневна основа и несоздавање на нов
- Контролира и води дневна евиденција на температурата и останатите амбиентални предуслови, во зависност од производите коишто се чуваат
- Утврдува нормативи за извршување на работните задачи
- Води евиденција за редовноста на вработените во одделението
- Го организира и контролира пресувањето на вратените картони и најлон од маркетите
- Изработува редовни дневни, неделни и месечни извештаи до претпоставениот
- Учествува во проекти за оптимизирање и унапредување на процесите во логистика
- Контролира и се грижи за исправноста, хигиената и правилното ракување со опремата (PDA уреди, виљушкари и др.)
- Одговорен е за ПП-заштита, како за извршување на навремени контроли и баждарења на ПП-апаратите и хидрантите
- Одговорен е за извршување навремени санитарни прегледи и контроли на вработените во магацинот
- Одговорен е за извршување навремени ДДД-услуги, прегледи и контрола на одржување на хигиената и заштита од штетници.

## Потребни квалификации:

- Високо образование (ВСП) - Факултет за Бизнис, Логистика или Економија
- Работно искуство од 3-5 години во областа
- Задолжително работно искуство во WMS
- Одлично познавање на англиски јазик
- Одлично познавање на работа со компјутер (MS Office), познавањето на софтверот CFMA ќе се смета за предност
- Способност за тимска работа, работа под притисок и почитување на предвидените рокови
- Изразити лидерски и комуникациски способности
- Поседување одлични преговарачки, аналитички и организациски вештини.

## Ние Ви нудиме:

- Атрактивна почетна плата + дополнителен бонус, во зависност од успешноста во извршувањето на работните задачи
- Задолжителна исплата на сите други законски додатоци на плата
- Регрес, кој е речиси 3 пати поголем од законски пропишаниот
- Работа во интернационална средина
- Работно време од 08:00 до 16:00 часот, 40 часа неделно, од понеделник до петок
- Организиран превоз
- платено колективно осигурување
- Бонус за препорачан пријател за работа
- Олободен ден за роденден
- Вредносен ваучер за склучен брак
- Вредносен ваучер за спортска опрема
- Картичка за спортски активности
- Пакет производи за новороденче
- Пакет производи за верски празници согласно вероисповест
- Попусти за одмор во хотелот Village во Охрид.

Испратете персонална биографија (CV) на следната адреса:

**КАМ ДОО, Персонален оддел, ул. 35 бр. 39, 1041 Илинден**

или на и-меил: personal@kam.mk

Апликација за работа можете да испратите и онлајн преку нашата веб-страница: www.kam.com.mk/kariera.

Изборот ќе се изврши во рок од 15 или 30 дена, во зависност од бројот на пристигнати апликации.

Само кандидатите кои ги исполнуваат условите ќе влезат во потесниот избор и ќе бидат контактирани. Ве молиме без телефонски јавувања.